1830 Službeni vesnik SR Makedonije 91001 Skopje fah 51



СЛУЖ...
НА СОЦИЈАЛИСТИЧК... ...ВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

П... март 1987
БЕЛГРАД
БРОЈ 21 ГОД. XLIII

Цена на овој број е 360 динари. – Аконтацијата на претплатата за 1987 година изнесува 6.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**325.**

Врз основа на член 315 точка 3 до Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОКРИТИЕ НА НЕГАТИВНОТО САЛДО НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ НАСТАНАТИ КАЈ БАНКИТЕ ВО 1986 ГОДИНА ПО ОСНОВА НА ТЕКУШТОТО ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

Се прогласува Законот за покритие на негативното салдо на курсните разлики настанати кај банките во 1986 година по основа на тековното девизно работење, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 27 март 1987 година.

П бр. 679
27 март 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Синан Хасани,** с. р.

Претседсател
на Собранието на СФРЈ,
**Иво Врандечиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ПОКРИТИЕ НА НЕГАТИВНОТО САЛДО НА КУРСНИТЕ РАЗЛИКИ НАСТАНАТИ КАЈ БАНКИТЕ ВО 1986 ГОДИНА ПО ОСНОВА НА ТЕКУШТОТО ДЕВИЗНО РАБОТЕЊЕ

Член 1

Негативното салдо на курсните разлики во 1986 година по основа на текуштото девизно работење банката може да го намири според завршната сметка за 1987 година до износот на искажаната загуба според завршната сметка за 1986 година, а најмногу до 50% од негативното салдо на курсните разлики во 1986 година.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**326.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКИТЕ И НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Се прогласува Законот за дополнение на Законот за дополнителните средства на републиките и на автономните покраини во периодот од 1986 до 1990 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 27 март 1987 година.

П бр. 683
27 март 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Синан Хасани,** с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Иво Врандечиќ,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКИТЕ И НА АВТОНОМНИЕ ПОКРАИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1986 ДО 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за дополнителние средства на републиките и на автономните покраини во периодот од 1986 до 1990 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/85), во член 7 став 1 по зборовите: „буџетот на федерацијата" се додаваат запирка и зборовите: „а во периодот од 1 април 1987 до 1990 година и 20% од остварениот основен данок на промет на територијата на таа покраина".

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист СФРЈ", а ќе се применува од 1 април 1987 година.

**327.**

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ

Се прогласува Законот за дополненија на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 27 март 1987 година

П бр. 686
27 март 1987 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Синан Хасани, с. р.**

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Иво Врандечиќ, с. р.**

## ЗАКОН

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ВО ПРОМЕТОТ

Член 1

Во Законот за оданочување на производи и услуги во прометот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/72, 55/72, 28/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 66/83, 71/84, 39/85 и 11/86) во член 36 во точка 17 по зборот: „царина" се додаваат зборовите: „и производите што се продаваат во слободни царински продавници отворени според член 222 став 1 од Царинскиот закон".

Член 2

По исклучок од одредбите на Закон за оданочување на производи и услуги во прометот, освен производите од член 36 став 1 точка 32 на тој закон, данок на промет на производи не се плаќа и на прометот на сувенири од тар. бр. 1, производи од точка 3 на тар. број 9, производи од точ. 2 и 16 на тар. број 11 и производи од точка 1 на тар. број 12 од Тарифата на основниот данок на промет на кои е видливо втиснат односно аплициран ликот и потписот на Вук Стефановиќ Караџиќ, што се произведуваат врз основа на писмени договори со Фондот на задужбината на Вук Стефановиќ Караџиќ и што се продаваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 31 декември 1987 година, под услов отстапениот данок на промет во целост да се користи за финансирање на одбележувањето на оваа културна манифестација.

Член 3

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

**328.**

Врз основа на член 54 од Законот за заштита на пронајдоци, технички унапредувања и знаци за разликување („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/81), на предлог од Сојузниот завод за патенти, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИТЕ ТРОШОЦИ НА ПОСТАПКАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ ВО ВАЖНОСТ НА ПРАВАТА СО КОИ СЕ ШТИТАТ ПРОНАЈДОЦИТЕ И ЗНАЦИТЕ ЗА РАЗЛИКУВАЊЕ

1. Во Одлуката за посебните трошоци на постапката за стекнување и одржување во важност на правата со кои се штитат пронајдоците и знаците за разликување („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/82, 42/84 и 62/85), во Тарифата на надоместите за објавување на патентни списи и податоците за пријавите со кои се штитат пронајдоците и знаците за разликување, која е составен дел на таа одлука, во, тарифниот број 1 се вршат следните измени:

1) во алинеја прва бројот: „4.300" се заменува со бројот:

„6.000";

2) во алинеја втора бројот: „4.700" се заменува со бројот: „6.600";

2. Во тарифниот број, во алинеја прва бројот: „70" се заменува со бројот: „100", во алинеја втора бројот: „70" се заменува со бројот: „100", во алинеја трета бројот: „900" се заменува со бројот: „1.300", а во алинеја четврта бројот: „650" се заменува со бројот: „900".

3. Во тарифниот број 3„ во алинеја прва бројот: „70" се заменува со бројот: „100", во алинеја втора бројот: „490" се заменува со бројот: „630", а во алинеја трета бројот: „900" се заменува со бројот: „1.300".

4. Во тарифниот број 4 бројот: „1.680" се заменува со бројот: „2.350".

5. Во тарифниот број 5 бројот: „70" се заменува со бројот: „100".

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 565
3 ноември 1986 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ с. р.**

**329.**

Врз основа на член 223 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85 и 38/86), на предлог од сојузниот секретар за финансии, по претходно прибавеното мислење од претседателот на Сојузниот комитет за туризам, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ НАСЕЛБИ, НАУТИЧКИ ЦЕНТРИ, МАРИНИ И МОТЕЛИ НА МАГИСТРАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО КОИ МОЖАТ ДА СЕ ОТВОРААТ СЛОБОДНИ ЦАРИНСКИ ПРОДАВНИЦИ

1. Во Одлуката за определување на туристички населби, наутички центри, марини и мотели на магистралните патишта во кои можат да се отвораат слободни царински продавници („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/86), во точка 1 во одделот „Во СР Словенија", по редниот број 18 се додава нов реден број 19: „Primex – Нова Горица".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 69
19 февруари 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с. р.

## 330.

Врз основа на член 217 ст. 2 и 3 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СТРУЧНИ СОВЕТИ ВО СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

1. Во Одлуката за формирање на стручни совети во сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/86), во точка 1 по зборот: „управата" се додаваат зборовите: „и Сојузниот завод за општествено планирање (во натамошниот текст: сојузните органи на управата)".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 70
19 февруари 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с. р.

## 331.

Врз основа на член 103 и 193 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85 и 71/86) на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет ддонесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ НА ДЕПОНИРАЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА ДЕВИЗИ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ДЕПОЗИТ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за начинот и условите на депонирање и враќање на девизи на граѓаните од депозит кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 73/85 и 13/87), во точка 17а став 3 зборовите: „28 февруари" се заменуваат со зборовите: „15 април".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 75
26 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с. р.

## 332.

Врз основа на член 27 став 2 точка 3 и став 4 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85 и 38/86), Сојузниот извршен совет донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА ШТО Е ОСЛОБОДЕНА ОД ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 27 СТАВ 2 ТОЧКА 3 ОД ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

1. Се утврдува опремата што е ослободена од плаќање царина врз основа на член 27 став 2 точка 3 од Царинскиот закон, и тоа:

| Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 85.01/9 | Статички конвертори, исправувачи и исправувачки апарати<br>Ех.<br>Полначи на никел кадмиумски батери |
| 85.04/1в | Електрични акумулатори, други<br>Ех.<br>Никел кадмиумски батерии |
| 85.15/1 | Предаватели и примопредаватели<br>Ех.<br>– Аматерски КБ и УКБ радио станици со придружен прибор и опрема<br>– Репетитори со дуплексери |
| 85.21/2а | Приемни и отпремни електронски цевки<br>Ех.<br>Цевки за предавателен засилувач |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 71
12 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с.р.

## 333.

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за книговодството („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81 и 53/85), сојузниот секретар за финансии потпишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ОДДЕЛНИ ПОЗИЦИИ ВО ОБРАСЦИТЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА, ЗА НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА И ЗА ПОДАТОЦИТЕ И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ШТО СЕ ДОСТАВУВААТ КОН ПЕРИОДИЧНАТА ПРЕСМЕТКА И ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Член 1

Во Правилникот за содржината на одделни позиции во обрасците на периодичната пресметка и завршната сметка, за начинот на доставување на периодичната пресметка и на завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/85, 46/86, 4/87 и 17/87) во член 15 ст. 1 и 2 по зборот: „месец" се додаваат запирка и зборовите: „односно тримесечје".

Член 2

Во член 21 став 3 зборовите: „ред. бр. 85 до 131 и ред. бр. 141 до 148" се заменуваат со зборовите: „ред. бр. 86 до 132 и ред. бр. 142 до 149".

Во став 6 во одредбата под 1 и 2 во втората алинеја, зборовите: „ред. бр. 1, 36, 37, 46, 49 до 57 и 65 до 98" се заменуваат со зборовите: „ред. бр. 1, 36, 37, 51 до 59 и 67 до 99".

Член 3

Во член 9, на Правилникот за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделни позиции во обрасците на периодичната пресметка и завршната сметка, за начинот на доставување на периодичната пресметка и завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/87) се додаваат два става, кои гласат:

„При приспособувањето на податоците во образецот Деловен резултат во текот на годината – Биланс на успехот во 1987 година не можат да се менуваат износите на основните категории на финансискиот резултат на работењето, и тоа: потрошените средства, вкупниот приход, доходот, заедничкиот доход, чистиот доход и загубата. Податокот под реден број 33 во образецот Деловен резултат во текот на годината – Биланс на успехот што е составен за 1986 година се внесува под реден број 18 на тој образец што се составува за 1987 година; податоците под ред. бр. 32, 35 и 46 во образецот Деловен резултат во текот на годината – Биланс на успехот што е составен за 1986 година се внесува под реден број 46 на тој образец што се составува за 1987 година; податокот под реден број 53 во образецот Деловен резултат во текот на годината – Биланс на успехот што е составен за 1986 година се внесува под реден број 47 на тој образец што се составува за 1987 година, а податоците под ред. бр. 11, 24, 40, 48, 49, 53 и 151 до 168 во образецот Деловен резултат во текот на годината што се составува за 1987 година, не се внесуваат.

При приспособувањето на податоците во образецот Посебни податоци кон деловниот резултат во текот на годината – Биланс на успехот во 1987 година, во колона 4 не се внесуваат податоците под ред. бр. 51, 52, 61, 62, 63, 64а до 64е, 80а, 80б и 83а."

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-2948/1
17 март 1987 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Светозар Рикановиќ**, с. р.

**334.**

Врз основа на член 56 ст. 1 до 4 и член 58 став 3 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација издава

# НАРЕДБА
## ЗАДОЛЖИТЕЛНО АТЕСТИРАЊЕ НА ПРЕНОСНИ АЛАТИ СО ЕЛЕКТРОМОТОРИ

1. На задолжително атестирање подлежат преносните алати со електромотор (во натамошниот текст: производите), на кои се однесуваат:
   а) југословенскиот стандард JUS N.M6.001 – Преносни алати со електромотори. Барања за сигурност. Општи технички услови и испитувања;
   б) југословенските стандарди со кои се утврдуваат дополнителните технички услови за преносни алати со електромотори по видови на алати.
2. Задолжителното атестирање од точка 1 на оваа наредба, се спроведува на следниот начин:
   а) за домашни производи:
      1) се атестира типот на производот;
      2) се врши контрола на сообразноста на производот со атестираниот тип еднаш годишно;
   б) за производи од увоз:
      1) се атестира типот на производот;
      2) се врши контрола на сообразноста на производот со атестираниот тип по секоја увезена партија.

Под тип производ, во смисла на оваа наредба, се подразбира тип производ на определен производител со исти техничко-конструкциски карактеристики и за иста намена.

3. На испитување за задолжително атестирање подлежат следните карактеристики на квалитетот на производот, и тоа:
   а) за испитување на типот:
      1) ознаки и натписи: целосност, читливост, точност и трајност;
      2) заштита од електричен удар;
      3) задвижување;
      4) влезна моќност и струја;
      5) загревање;
      6) струја на одводот;
      7) мерки за сузбивање на радиофреквенциски пречки;
      8) отпорност спрема влага;
      9) отпорност на изолација и диеликтричка цврстина;
      10) трајност;
      11) сигурност на конструкцијата во случај на неправилна употреба;
      12) механичка опасност;
      13) механичка цврстина;
      14) конструктивно решение, материјали и изработка;
      15) внатрешно зажичување;
      16) составни делови: работни карактеристики на составните делови и сообразност со спецификацијата;
      17) приклучување на мрежа и надворешни свиткувачки водови и гајтани;
      18) приклучни стегалки за надворешни водови;
      19) заштитно заземјување;
      20) завртки и споеви;
      21) струјни патеки, воздушни растојанија и растојанија преку изолација;
      22) отпорност спрема топлина, оган и создавање спроводни патеки;
      23) отпорност спрема корозија;
   б) за контрола на сообразноста на производот со атестираниот тип:
      1) ознаки и натписи: целосност, читливост, точност и трајност;
      2) заштита од електричен удар;
      3) отпорност спрема влага;
      4) отпорност на изолација и диелектричка цврстина;
      5) трајност;
      6) механичка отпорност;

7) конструктивно решение, материјали и изработка;
8) составни делови: сообразност на составните делови со спецификација;
9) приклучување на мрежа и надворешни свиткувачки водови и гајтани;
10) приклучни стегалки за надворешни водови;
11) заштитно заземјување;
12) отпорност спрема топлина, оган и спрема создавање спроводни патеки;
13) отпорност спрема корозија.

4. Вредностите на карактеристиките на квалитетот од точка 3 на оваа наредба се утврдени во југословенските стандарди од точка 1 на оваа наредба.

5. Карактеристиките на квалитетот од точка 3 на оваа наредба се врши на начинот и со методите утврдени со оваа наредба и југословенските стандарди од точка 1 на оваа наредба.

6. Мострата за испитување ја зема организацијата на здружен труд што е овластена за атестирање врз основа на барање од производителот или увозникот односно од корисникот на атестот ако е во прашање контрола на сообразноста на производот со атестираниот тип.

Големината и другите барања во врска со мострата за испитување, се утврдени во југословенските стандарди наведени во точка 1 на оваа наредба.

Барањето за атестирање односно за контрола на сообразноста на производите содржи:

1) фирма, назив и седиште на производителот или увозникот подносител на барањето;
2) идентификациони податоци за производот и количината;
3) податоци за местото на земање на мострата;
4) податоци за издадениот атест (за контрола на сообразноста);
5) електрична шема;
6) склопен цртеж и цртеж на пресекот на роторот со димензии;
7) спецификација на составните делови;
8) докази за сообразноста на составните делови со стандардите;
9) техничко упатство.

7. Извештајот за испитувањето на производите од точка 1 на оваа наредба содржи:

1) фирма односно назив и седиште на организацијата на здружен труд овластена за испитување на производи во постапка за задолжително атестирање;
2) фирма односно назив и седиште на подносителот на барањето и на производителот;
3) број и датум на извештајот за испитувањето;
4) податоци за производот и количината;
5) податоци за мострата;
6) податоци за југословенските стандарди по кои е извршено испитувањето;
7) податоци за видовите на испитување, пропишаните вредности и за вредностите утврдени со испитување за натписите и ознаките;
8) оцена за резултатите од испитувањето по видови испитување и за испитувањето во целост;
9) потпис на овластениот работник и на лицето што раководи со испитувањето.

8. Атестот го издава организацијата овластена за атестирање за секој тип производ за кој со испитување ќе се утврди дека ги исполнува пропишаните услови. По еден примерок од атестот и извештајот за испитувањето му се доставува на подносителот на барањето за атестирање и на Сојузниот завод за стандардизација, а третиот примерок го задржува организацијата што го издала атестот. Атестот за типот на производот важи 10 години односно додека производот ги исполнува пропишаните услови.

Контрола на сообразноста на производот со атестираниот тип се врши еднаш годишно од страна на овластената организација.

Измените на конструкцијата и материјалот што влијаат врз сообразноста на производот со атестираниот тип мораат да ѝ се пријават на организацијата овлстена за атестирање.

Производите од точка 1 на оваа наредба за кои е издаден атест, мораат на себе да го имаат и атестниот знак. По искучок, за производите со мали димензии атестниот знак може да се наоѓа на пакувањето.

9. Изгледот на атестниот знак е утврден со Наредбата за изгледот и употребата на атестниот знак („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/79 и 31/81), при што големината на атестниот знак е утврдена со височината Б која може да биде од 3 mm до 25 mm.

Атестниот знак содржи буквена и бројна ознака. Буквената ознака НЕ ја означува групата и подгрупата на стандардите на кои им припаѓаат производите од точка 1 на оваа наредба, а двоцифрената бројна ознака ја претставува шифрата на овластената организација. Ознаката се потпира врз надворешната страна на атестниот знак. Должината на ознаката е еднаква на должината на надворешната страна на атестниот знак, а височината на ознаката е еднаква на 1/5 од должината на ознаката.

10. За атестирање на производите од точка 1 на оваа наредба може да се овласти организација на здружен труд која во поглед на опременоста и стручните квалификации на работниците и нивното работно искуство на соодветни работи, ги исполнува следните услови:

а) да располага со следната опрема:

1) со мерила на електричен напон, струја и моќност со класа на точност 1, како и со мерило на факторот на моќноста, со класа на точност 2,5, со соодветни мерни опсези;
2) со мегаомметар односно со мерило за отпорност на изолацијата, со класа на точност од 5;
3) со омметри односно со мостови за мерење на отпорноста (Вистонов мост, Томсонов мост, итн.) со класа на точност 1;
4) со уред за испитување на диелектричката цврстина чијшто мерен опсег е до 5 000 V;
5) со инструменти за мерење и регистрација на температурата чијшто мерен опсег е до 200°C, со класа на точност 1;
6) со еднофазен извор на стабилен синусоиден напон 250 V, 50 Hz, 2 500 VA и дозволен пад на напонот ± 1%;
7) со еднофазен регулационен трансформатор 220 V/0 до 300 V, 2 500 VA;
8) со пробен прст, според југословенскиот стандард JUS N.A5.020;
9) со пробен прст, според југословенскиот стандард JUS N.A5.024;
10) со пробен прст, според југословенскиот стандард JUS N.A5.028;

11) со уред за проверка на заштитата од капкички на вода, според југословенскиот стандард JUS N.A5.034;
12) со барабан за проверка на механичката отпорност, спрема паѓање, според југословенскиот стандард JUS N.A5.042;
13) со испитно чеканче, според југословенскиот стандард JUS N.A5.044;
14) со топкичка со тегови за проверка на отпорноста спрема топлина, според југословенскиот стандард JUS N.A5.050;
15) со пробно вретено за проверка на отпорноста на изолационииот материјал спрема топлина и оган, според југословенскиот стандар JUS N.A5.051;
16) со уред за испитување на отпорноста на цврст изолационен материјал, спрема создавање на површински и спроводни патеки, според југословенскиот стандард JUS. N.A5.010;
17) со комора со влага, според југословенскиот стандард JUS N.A5.032;
18) со комора за загревање од 0 до 200°С и со дозволено отстапување од ± 1,5%, според југословенскиот стандард JUS N.M6.001;
19) со моментни клучеви и одвивачи од 0,1 до 3,0 N.m;
20) со динамометар, со опсег од 20 до 100 N;
21) со мерач за зачестеноста на обртите, со мерен опсег од 0 до 50 000 min $^{-1}$ и со дозволено отстапување од ± 1,5 %;
22) со мерач на моментот, со опсег од 0 до 20 N.m;
23) со уреди за испитување на одделни видови преносни алати со електромотори, утврдени во посебни југословенски стандарди за дополнителни технички услови за преносни алати со електромотори;

б) да има работници за работи на атестирање:
1) дипломиран инженер по електроника или дипломиран физичар со пет години работно искуство на работите на испитувањето на електротехничките производи – ако е во прашање работник кој раководи со испитувањата;
2) еден дипломиран инженер по електроника, со три години работно искуство на работи на испитувањето на електрични алати; еден дипломиран инженер по техничка струка или дипломиран физичар, со три години работно искуство на работи на испитувањето на електротехнички производи и два работника по техничка струка – ако се во прашање работници што работат на испитувањето.

11. Организацијата на здружен труд овластена за вршење на работи на задолжителното атестирање на производи, е должна да изврши атестирање во рок од деведесет дена од денот на земањето на мострите.

12. Оваа наредба влегува во сила по истекот на една година од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/5
8 јануари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Вукашин Драгоевиќ**, . с. р.

## 335.

Врз основа на член 42 став 3 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85 и 71/86), член 64а и член 66 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), Советот на гувернерите донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И РОКОВИТЕ ПОД КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОДОБРИ ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ НА НАПЛАТА НА ИЗВЕЗЕНИТЕ СТОКИ И УСЛУГИ

1. Во Одлуката за условите и роковите под кои може да се одобри продолжување на рокот на наплата на извезените стоки и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/86, 30/86, 51/86 и 55/86) во точка 1 став 1 зборовите: „член 42 став 1" се заменуваат со зборовите: „член 42 ст. 1 и 2".

2. По точка 2 се додава нова точка 2а, која гласи:

„2а. Народната банка на републиката односно народната банка на автономната покраина може на организацијата на здружен труд еднократно да ѝ одобри продолжување на рокот од член 42 став 2 на Законот во случај кога должникот во рокот од договорот за кредит ѝ го уплатил износот на втасаната рата на странската банка преку која се врши отплата на кредитот, а странската банка навремено не ја извршила обврската за плаќање на југословенската овластена банка односно на доверителот по кредитот, до 30 дена за земјите со кои наплатата е отежната, што се докажува со соодветен документ на странската банка, и до 7 работни дена за другите земји, што се докажува со образецот 743".

3. Во точка 4 став 1 зборовите: „член 42" се заменуваат со зборовите: „член 42 ст. 1 и 2".

4. Во точка 5 став 1 во одредбата под 1 зборовите: „од 50.000 динари" се заменуваат со зборовите: „од 90.000 динари", во одредбата под 2 зборовите: „од 20.000 динари", се заменуваат со зборовите: „од 35.000 динари", во одредбата под 3 зборовите: „од 25.000 динари", се заменуваат со зборовите: „од 45. 000 динари" и во одредбата под 4 зборовите: „од 15.0000 динари" се заменуваат со зборовите: „од 25.000 динари".

5. Во точка 7 во одредбата под 2 пред зборовите: „за работи на Заедницата на југословенските пошти, телеграфи и телефони се додаваат зборовите: „за работи на меѓународниот железнички сообраќај,".

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 33
12 март 1987 година
Белград

Претседател на Советот на
гувернерите
гувернер на Народната
банка на Југославија
**Душан Влатковиќ**, с.р.

## 336.

Врз основа на чл. 17, 64а и 66 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со точка 6 од Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заед-

ничките основи на кредитната политика во 1987 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/87), Советот на гувернерите донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА БАНКИТЕ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/81, 6/83, 30/83, 45/83, 3/84, 25/84, 42/84, 44/84, 52/84, 40/85, 52/86, 68/86 и 6/87), во точка 7 став 1 процентот: „0,225%" се заменува во процентот: „0,299%".

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 април 1987 година.

О. бр. 30
12 март 1987 година
Белград

Претседател на Советот на гувернерите
гувернер
на народната банка на Југославија,
**Душан Влатковиќ**, с. р.

## 337.

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Установата за одржување на поморските пловни патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/74 и 17/81), во согласност со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот комитет за сообраќај и врски донесува

# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА

## НА ТАРИФАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЛОВИДБАТА И НА УСЛУГИТЕ НА РАДИОСЛУЖБАТА НА ПОМОРСКИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА

1. Во Тарифата за користење на објектите за безбедност на пловидбата и на услугите на радиослужбата на поморските пловни патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/86) во точка 7 став 1, во одредбата под 3 по зборот: „носивост" се додаваат зборовите: „и за влекачи".

2. Во точка 8 првата реченица се менува и гласи:

„8. Надоместот за користење на објектите за безбедност на пловидбата за бродовите се пресметува и наплатува за период од 30 дена или за период од 12 месеци, а за чамци и јахти се пресметува за период до 12 месеци и се наплатува за периодот на важењето на дозволата за пловидба со чамец односно јахта, и тоа:".

Во табелата, колоната 5 се менува и гласи:

| „домашно знаме динари |
|---|
| 5 |
| 120 |
| 690 |
| 46 |
| 276 |
| 64 |
| 377 |
| 189 |
| 92 |
| 166" |

3. Во точка 9, во табелата, колоната 5 се менува и гласи:

| „во домашниот сообраќај во динари |
|---|
| 5 |
| 168 |
| 420 |
| 1.260 |
| 735 |
| 2.205 |
| 1.260 |
| 3.780 |
| 168 |
| 168 |
| 3.360 |
| 210 |
| 945 |
| 945 |
| 23.730" |

По редниот број 9 во табелата се додава нов реден број 10, кој гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| „10 радио-телеплинтерски услуги | 1 минута | 4,30 | 903 |
| | минимум 3 мунути | 12,9 | 2.709". |

4. Овие измени и заполненија на Тарифата влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. V/01-1380/4
11 март 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за сообраќај и врски,
**Мустафа Пљакиќ**, с. р.

## 338.

Врз основа на член 124 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 26 став 1 точка 3 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86), Сојузниот извршен совет, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Црна Гора, Извршниот совет на Саборот на Социјалистичка Република Хрватска, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Србија, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Косово, Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина, Стопанската комора на Југославија, Стопанската комора на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Хрватска, Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Словенија, Стопанската комора на Србија, Стопанската комора на Косово, Стопанската комора на Војводина, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Советот на Сојузот на синдикатите на Босна и Херцеговина, Советот на Сојузот на синдикатите на Црна Гора, Советот на Сојузот на синдикатите на Хрватска, Советот на Сојузот на синдикатите на Македонија, Советот на Сојузот на синдикатите на Словенија, Советот на Сојузот на синдикатите на Ср-

бија, Советот на Сојузот на синдикатите на Косово, Советот на Сојузот на синдикатите на Војводина (во натамошниот текст: учесниците) склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ЗА ИСХРАНА НА РАБОТНИЦИТЕ ШТО СОЧИНУВААТ ДРУГИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕТО

Член 1

Во член 3 во став 1 на Општествениот договор за издатоците за исхрана на работниците, што сочинуваат други трошоци на работењето („Службен лист на СФРЈ" бр. 39/85) зборовите: „претходната година" се заменуваат со зборовите: „претходното полугодие".

Член 2

Одредбите на овој општествен договор ќе се применуваат од 1 јануари 1986 година.

Член 3

Овој општествен договор се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Белград 13 февруари 1987 година

За Сојузниот извршен совет,
**Јово Мандиќ**, с.р.
помошник на генералниот секретар
на СИС

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Република Босна и
Херцеговина
**Мато Пачак**, с.р.
претседател на Републичкиот комитет
за труд на БИХ

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Република Црна
Гора,
**Вукола Василевиќ**, с. р.
претседател на Комитетот за труд,
здравство и социјална политика

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Република
Хрватска
**Зорка Билаловиќ** с. р.
претседател на Републичкиот комитет
за труд и вработување на СР
Хрватска,

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Република
Македонија,
д-р **Тито Беличанец**, с. р.

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Република
Словенија,
**Петер Тош**, с. р.
потпретседател на Комитетот за труд
и вработување на СР Словенија

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Република Србија,
д-р **Петар Боиќ**, с. р.
член на Извршниот совет на
Собранието на СР Србија

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Автономна
Покраина Косово,
**Ибиш Красниќи**, с. р.
претседател на Покраинскиот
комитет за труд

За Извршниот совет на Собранието
на Социјалистичка Автономна
Покраина Војводина,
**Иштван Тот**, с. р.
претседател на Покраинскиот
комитет за труд на Војводина

За Стопанската комора на
Југославија,
**Светислав Трифуновиќ**, с. р.
помошник на секретарот на
Комората

За Стопанската комора на Босна и
Херцеговина,
**Обрад Пиљак**, с. р.
потпретседател на Стопанската
комора на БиХ

За Стопанската комора на Црна Гора
**Момчило Нешиќ**, с. р.
секретар на Стопанската комора на
СР Црна Гора

За Стопанската комора на Хрватска,
**Томо Драшковиќ**, с. р.
секретар на Стопанската комора на
Хрватска

За Стопанската комора на
Македонија,
м-р **Томислав Атанасовски**, с. р.
член на Претседателството на
Стопанската комора на Македонија

За Стопанската комора на Словенија,
**Радо Бохинц**, с. р.
потпретседател на Стопанската
комора на СР Словенија

За Стопанската комора на Србија,
**Радивое Милошевиќ**, с. р.
секретар на Собранието на
Стопанската комора на Србија

За Стопанската комора на Косово,
**Иса Дема**, с. р.
секретар на Стопанската Комора на
Косово

За Стопанската комора на Војводина,
**Јозеф Симовиќ**, с. р.
член на претседателството на
Стопанската комора на Војводина

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Југославија,
**Васиќ Анѓелко**, с. р.
член на Претседателството на
Советот на ССЈ

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Босна и Херцеговина,
**Зденко Скок**, с. р.
член на претседателството на
Советот на Сојузот на синдикатите на
БиХ

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Црна Гора,
**Кажиќ Божидар**, с. р.
член на Претседателството на
Советот на Сојузот на синдикатите на
Црна Гора

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Хрватска
**Иво Биланџија**, с. р.
претседател на Советот на Сојузот на
синдикатите на Хрватска

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Македонија,
**Чедомир Георгиев**, с. р.
член на Претседателството на
Советот на Сојузот синдикатите на
СР Македонија

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Словенија,
**Јоже Стегне**, с. р.
член на Претседателството на
Советот на Сојузот на синдикатите на
Словенија (Комитет за дело)

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Србија
**Томислав Шијачки**, с. р.
член на Претседателството на
Советот на Сојузот на синдикате на
Србија

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Косово
**Сулејман Бектеши**, с. р.
член на Претседателството на
Советот на Сојузот синдикатите на
Косово

За Советот на Сојузот на синдикатите
на Војводина,
**Дарко Иванчевиќ**, с. р.
член на Претседателството на
Советот на Сојузот на синдикатите на
Војводина

# УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОДЛУКА

### ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ЧЛЕН 40 СТАВ 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ПОТРЕБИ НА РАБОТНИЦИТЕ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕН ТРУД ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ТЕКСТИЛ „СРБИЈАТЕКС" ВО БЕЛГРАД

1. Уставниот суд на Југославија на седницата одржана на 7 јануари 1987 година, по иницијатива на Радивое Вучковиќ, од Белград, од 28 ноември 1986 година, поведе постапка за оценување на уставноста на член 40 став 2 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работницие на Основната организација на здружен труд Трговија на големо со текстил „Србијатекс" во Белград од 8 декември 1978 година.

2. Со оспорената одредба е утврдено дека на работникот за секоја година работен стаж остварен во Основната организација на здружен труд или во Работната заедница во состав на „Србијатекс" му припаѓа по еден бод.

3. Уставниот суд на Југославија утврди дека оспорениот правилник, врз основа на чл. 116 и 119 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците на Основната организација на здружен труд Трговија на големо со текстил „Србијатекс" во Белград, од 27 декември 1985 година, престана да важи на 8 март 1986 година.

Поаѓајќи од фактот дека од престанувањето на важењето на оспорениот правилник до поведувањето на постпака не поминало повеќе од една година (член 375 став 2 од Уставот на СФРЈ"). Судот оцени дека оспорената одредба, во време на важењето не била согласна со Уставот на СФРЈ.

Причините за неуставноста на оспорената норма се дадени во Одлуката на Уставниот суд на Југославија У. бр. 249/81 од 11 јули 1983 година, која е објавена во „Служен лист на СФРЈ", бр. 62/83.

4. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 став 2 од Уставот на СФРЈ и чл. 35 и 36 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 18 февруари 1987 година, со мнозинство на гласови донесе

**Одлука**

1. Се утврдува дека одредбата на член 40 став 2 од Правилниот за решавање на станбените потреби на работниците на Основната организација на здружен труд Трговија на големо со текстил „Србијатекс" во Белград, од 8 декември 1978 година, во време на нејзиното важење не била согласна со Уставот на СФРЈ.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ" и на начин на кој е објавен оспорениот самоуправен општ акт.

3. Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во состав: претседател на Уставниот суд на Југославија Иван Франко и судии: Божидар Булатовиќ, м-р Милован Бузаџиќ, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, д-р Александар Фира, д-р Васил Гривчев, Славко Кухар, Радко Мочивник, Мустафа Сефо, Јаким Спировски, Милосав Стијовиќ, Душан Штрбац, д-р Јосиф Трајковиќ и Рамадан Враниќи.

У. бр. 342/86
18 февруари 1987 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија
**Иван Франко** с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за определување кои предмети се сметаат за ситен инвентар и за начинот на надоместување на вредноста на ситниот инвентар, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 10/87, се поткраднала грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ КОИ ПРЕДМЕТИ СЕ СМЕТААТ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР И ЗА НАЧИНОТ НА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СИТНИОТ ИНВЕНТАР

Во точка 2. пред зборовите: „се сметаат" треба да се додаде по грешка испуштениот збор: „не".

Од Сојузниот секретаријат за финансии, Белград, 27 мар 1987 година.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 245 став 5 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За потсекретар во Сојузниот извршен совет се назначува м-р Чедомир Шегрт, помошник на генералниот директор на Заедницата на југословенското електростопанство.

С. п. п. бр. 236
27 февруари 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Се разрешува од должноста потсекретар во Сојузниот секретаријат за надворешни работи Марко Косин, со 12 јануари 1987 година, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 238
19 февруари 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Милош Милосавлевиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК - ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОСТАВ НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник - директор на Институтот за безбедност во состав на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи се назначува Тихомир Микиќ, специјален советник на директорот на тој институт.

С. п. п. бр. 247
5 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК - ДИРЕКТОР НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СОСТАВ НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За помошник - директор на Институтот за безбедност во состав на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи се назначува Мијалко Нешовиќ, началник на Секторот за истражување и развој во областа на електрониката и телекомуникацијата на тој институт.

С. п. п. бр. 248
5 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА ПРАШАЊА НА ОПШТЕСТВЕНОТО УРЕДУВАЊЕ

Се разрешува од должноста советник на претседателот на Сојузниот општествен совет за прашања на општественото уредување Милан Бабиќ, со 13 февруари 1987 година, поради заминување на друга должност.

С. п. п. бр. 249
5 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ГЕНРАЛНИОТ ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊ

За советник на генералниот директор на Сојузниот завод за општествено планирање се назначува Сеад Пашалиќ, досегашен советник на генералниот директор на тој Завод.

С. п. п. бр. 250
5 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

---

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР ВО СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

За директор во Сојузниот завод општествено планирање се назначува м-р Драгомир Тренковиќ, досегашен директор во тој Завод.

С. п. п. бр. 251
5 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич**, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ

За потсекретар во Сојузниот комтет за туризам се назначува Малик Куленовиќ, помошник на претседателот на Републичкиот комитет за односи со странство на Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина.

С. п. п. бр. 252
5 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82 и 18/85), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СОВЕТНИК НА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАР ЗА ПРАВОСУДСТВО И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗНАТА УПРАВА

Се разрешува од должноста советник на сојузниот екретар за правосудство и организација на сојузната управа д-р Стеван Мијучиќ, со 28 февруари 1987 година.

Именуваниот се става на располагање во смисла на член 249 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата.

С. п. п. 253
5 март 1987 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Јанез Земљарич, с. р.**

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 315 точка 8 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликува:

– за извонредни заслуги и резултати во развивањето и изградбата на вооружените сили и општонародната одбрана, за придонес кон чувањето и јакнењето на безбедноста и независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за долгогодишна револуционерна работа, како и за значаен придонес во социјалистичката самоуправна изградба на земјата

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

адмирал флоте Мамула Михаила Бранко.

Бр. 120
22 декември 1985 година
Белград

Претседате
на Претседателството на СФРЈ,
**Радован Влајковиќ, с. р.**

## СОДРЖИНА:


Страна

325. Закон за покритие на негативното салдо на курсните разлики настанати кај банките во 1986 година по основа на текуштото девизно работење — 573
326. Закон за дополнение на Законот за дополнителните средства на републиките и автономните покраини во периодот од 1986 до 1990 година — 537
327. Закон за дополненија на Законот за оданочување на производи и услуги во прометот — 574
328. Одлука за измени на Одлуката за посебните трошоци на постапката за стекнување и одржување во важност на правата со кои се штитат пронајдоците и знаците за разликување — 574
329. Одлука за дополнение на Одлуката за определување на туристички населби, научни центри, марини и мотели на магистралните патишта во кои можат да се отвораат слободни царински продавници — 574
330. Одлука за дополнение на Одлуката за формирање на стручни совети во сојузните органи на управата — 575
331. Одлука за измена на Одлуката за начинот и условите на депонирање и враќање на девизи на граѓаните од депозит кај Народната банка на Југославија — 575
332. Решение за утврдување на опремата што е ослободена од плаќање царина врз основа на член 27 став 2 точка 3 од Царинскиот закон — 575
333. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за содржината на одделни позиции во обрасците на периодичната пресметка и завршната сметка, за начинот на доставување на периодичната пресметка и на завршната сметка и за податоците и документацијата што се доставуваат кон периодичната пресметка и завршната сметка за организациите на здружен труд — 575
334. Наредба за задолжително атестирање на преносни алати со електромотори — 576
335. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за условите и роковите под кои може да се одобри продолжување на рокот на исплата на извезените стоки и услуги — 578

Страна

336. Одлука за измена на Одлуката за задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија — — — — — — — — — — — — — — 578

337. Измени и дополненија на Тарифата за користење на објектите за безбедност на пловидбата и на услугите на радиослужбата на поморските пловни патишта — — — — — — — — — — — — 579

338. Општествен договор за измени и дополненија на Општествениот договор за издатоците за исхрана на работниците што сочинуваат други трошоци на работењето — — — — — — — — 579

Одлука за оценување на уставноста на член 40 став 2 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците на Основната организација на здружен труд Трговија на големо со текстил „Србијатекс" во Белград — — — — — 581

Исправка на Правилникот за определување кои предмети се сметаат за ситен инвентар и за начинот на надоместување на вредноста на ситниот инвентар — — — — — — — — — — — — — 581

Назначувања и разрешувања — — — — — — — — 581

Одликувања — — — — — — — — — — — — — — — — 583

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ги молиме ценетите претплатници при уплатата на претплатата за „Службен лист на СФРЈ", при рекламации, дополнителни порачки и сл. задолжително да го наведат претплатниот број кој се наоѓа со вашата адреса на налепницата во горниот лев агол.

Ова ни е потребно со цел побрзо и поефикасно да одговориме на вашите барања.

Редакција на „Службен лист на СФРЈ"

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. - Директор и главен и одговорен уредник ВЕЉКО ТАДИЌ. - Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ тел. 650-155 лок. 35. - Печати: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1.